# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИСТОРИЈА НА ОПШТА КНИЖЕВНОСТ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТОТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1902-51/14 од 18.2.2016 година донесена на 136. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на *еден наставник во сите звања за наставно-научната област историја на општа книжевност* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Комисијата работеше во следниов состав:

– проф. д-р Ендру Годспид – претседател, проректор и редовен професор на Универзитетот на Југоисточна Европа, Тетово;
– проф. д-р Ермис Лафазановски – член, редовен професор на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје;
– проф. д-р Лидија Стојановиќ-Лафазановска – член, редовен професор на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Коха“ и „Нова Македонија“ на 15.1.2016 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат: **д-р Марија Емилија Кукубајска**, **доцент на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип**.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

***Биографски податоци***

Кандидатката **доц. д-р Марија Кукубајска** е родена на 27.4.1950 година во Штип. Основно и средно образование, гимназија и музичка школа, завршува во Штип. Во 1973 година дипломира на Филолошки факултет, Катедрата за англиски јазик и книжевност, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 1972 година добива стипендија од Германската влада и завршува летна школа за културологија, Универзитет Ерланген-Нирнберг. Со американската Фулбрајт стипендија магистрира англиски јазик и креативно пишување на CS University Chico, Калифорнија во 1976 година, со одбрана на трудот „Neologisms, metaphors and symbols in the literary translation“. Почесен докторат од областа на култура и уметност во медитеранските литератури (малтешка, либиска, европска) добива во 1984 година од Светската академија за култура и уметност. Докторат од фолклорни науки, народна литература одбранува на УКИМ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, во 2010 година, на тема „*Смртта и вечноста во народни приказни од САД и Македонија*“. Од гимназиски и студентски денови објавува есеи, преводи и песни во: Студентски збор, Културен живот, Македонија, Современост, Разгледи, Наш свет, Другарче и др. Настапува на книжевни настани во Македонија и освојува бројни награди: Прва награда за есеј, на анонимен конкурс на Сојузот на студентите на Македонија, Скопје, по повод 100-годишнината од раѓањето на Гоце Делчев (1972); прва награда на Конкурс за песна по повод денот на ослободување на Штип (1967), најдобра дебитантска книга на Струшките вечери на поезијата – Млада Струга, за првата книга поезија и мини-есеи *Времениjа и Неоткрит* (1973), изд. Македонска книга, промовирана од акад. Гане Тодоровски; признание од претседателот на Индија, Индира Ганди (1969) за поезија посветена на индиската филозофија Ахимза и Сатијаграха и др. Пред магистерските студии во странство објавува и втора книга поезија, *Јаглен и дијамант* (1975), изд. Наша книга, Скопје. По дипломирањето работи како преведувач во „Астибо“ и уредник на весникот „Црвена ѕвезда“ во Штип; асистент на Државниот калифорниски универзит Чико; асистент

за култура во Американа читаоница - Embassy of the U.S. in Belgrade; лектор по англиски јазик на Универзитетот Garyounis во Бенгази, Катедра за ангиски јазик, и уредник, ко-основач и преведувач во тријазичниот билтен Gospital News, General Hospital бенгази, Либија (англиски, арапски, српско-хрватски); преведувач во Извршен совет, Влада на СРМ, уредник на Panorama of Post-WWII Yugoslav Poets, World Anthology, v. 2, Poetry Europe, издадена во Мадрас, Индија, 1984 година. Вклучена е во неколку меѓународни академии, здруженија и антологии, од кои: International PEN, USA Center West, Los Angeles; USA Association Internationale Des Critiques Litteraires, Paris, France; International Biographical Centre, Cambridge, England; International Academy “Leonardo Da Vinci” Rome, Italy; International Bibliographic Center, New Delhi, India, Adresar pisaca Jugoslavije, K-Lj, Kukubajska Marija, str. 509, Matica Srpska, Novi Sad, 1986; ДПМ, 1976; МАНУ, Македонска енциклопедија на науките и уметностите, Лексикографски центар, книга 1, А-Љ, стр. 771, Скопје, 2009 година и други.Од 1987 до 2007 година предава и/или раководи со образовно-културни установи во САД и во Македонија, меѓу кои и: директор на културно-рекреативната програма за развој на деца со специјални потреби, United Cerebral Palsy – Spastic Children Foundation (3-11 години), No. Hollywood, Los Angeles country; уметнички директор, Viet Nguyen Art Gallery and Frame Studio, Burbank, California, директор, Primer pre-school and kindergarten, NH, Los Angeles; директор на American International School Macedonia, Skopje, заменик-директор на American School Macedonia, Skopje; предавач и член на Управен одбор, НОВА Скопје; основач и директор на The EMARI B-Rright House – early childhood literacy program, Arlington, Washington D.C. На УГД работи од 2007-2008: раководител на Центарот за јазици, 2007-2008; а од 2008 до 2016 година е лектор и потоа доцент на Катедрата за англиски јазик и литература. Во периодот до вработување на УГД била поканувана да одржи предавања или книжевни настапи на бројни универзитети и институции во светот, меѓу кои: УНЕСКО спонзориран Светски конгрес на поети (грант од Комисија за културни врски со странство, Скопје), Сан Франциско, САД, 1981 година; УНЕСКО спонзориран Светски конгрес на поети, во соработка со Министерство за култура на Грција, Крф, Грција, 1984; San Jose State University: Inter-American Women Writer’s Conference - *Women Poets in post WWII Yugoslavia,* California, USA, 1976; University of Albany, New York, книжевен настап со американскиот поет Стенли Баркан, учесник на СВП, Олбани, Њујорк, САД, 1981 година; Југословенски културен центар, Њујорк, Њујорк, САД - Книжевен настап со поезија од двете први книги, 1981; Pacific Asia Museum, Pasadena, Pasadena, 1992; Chaffey College, Wignal Museum, Rancho Cucamonga, Калифорнија, 1991; Виетнамски културен центар, Санта Ана, ТВ Санта Ана, Калифорнија, САД, 1991 година; Обединета македонска дијаспора, ОМД, Прва глобална конференција, Вашингтон, САД, 2009 година и др.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Доцент од научната област во која се избира д-р Марија Емилија Кукубајска е избрана во наставно-научно звање доцент за наставно-научните области *историја на општа книжевност* со Одлука бр. 2402-89/9 од 10.8.2011 г. на ННС на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
2. Објавени повеќе трудови од кои најмалку осум во научни списанија (во земјава/странство), од кои најмалку пет труда се во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации помеѓу двата избора:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Год. на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Kukubajska, Marija Emilija | Traditional vs. Relativistic Ethics - Cases in American Culture | International journal, FID, Филолошки факултет, Београд, Србија,ISSN 8686419992 | 2010 |
| 2. | Kukubajska, Marija Emilija | The Relevance of Integration: Contemporary with Folк Fashion and Aesthetics with Ethics | International Journal of Arts and Sciences *http://www. universitypublications.net/ijmt/ index/html* | 2012 |
| 3. | Kukubajska, Marija Emilija | *Birds: Mythical Symbol of Migration, Beauty and Bestiality* | Knowledge – International Journal, 11/1. ISSN 1857-92, | 2015 |
| 4. | Krsteva, Marija and Kukubajska, Marija Emilija | *The Role of Literature in Foreign Language Acquisition.* | International Procedia-Social and Behavioral Journal, 116. pp. 3605-3608. ISSN 1877-0428, University of Rome, Italy | 2014 |
| 5. | Dimova, Violeta and Kukubajska, Marija Emilija | *„Emilina's ABC Book“ – earliest childhood literacy supported by emotional intelligence development.* | Knowledge – International Journal, Scientific and Applicative Papers, 10 (1). ISSN 1857-92 | 2015 |
| 6. | Kukubajska, Marija Emilija, Sonja Koceva | Literacy, Health and economic factors | Knowledge – International Journal, 11/1. ISSN 1857-92 | 2015 |
| 7. | Kukubajska, Marija Emilija | Bio-ethics issues in literature and the arts: Ecology of the soul-mini essays | 9th World Conference on Bioethics, Medical Ethics and Health Law, Naples, Italy. | 2013 |
| 8 | Марија Емилија Кукубајска | Примери за слободата како сопствена антитеза | Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 9. pp. 229-234, | 2015 |

3. Објавена рецензирана скрипта и објавен рецензиран практикум од соодветната научна областа за која се избира кандидатот во електронска форма во е-библиотеката на веб-страницата на УГД:

Kukubajska, Marija Emilija, Iliev, Krste,Pop Zarieva, Natalija and Krsteva, Marija (2014) *Историја на британската и американската култура и цивилизација - скрипта.* ISBN 978-608-244-059-0. УГД е-издаваштво, скрипта

**Евалуација:**

Скриптата е обемен и детално истражен материјал за англиската и американската историја на културните и цивилизациски текови, од почетоците до денес. За изготвување на скриптата консултирани се врвни светски академски содржини и методологии. Скриптата содржи и исцрпна биобиблиографија и сугестии за сајтови при електронско истражување и изучување на овие две водечки англофонски култури.

Kukubajska, Marija Emilija (2014) *Collection of Essays and Literary Criticism on American and British Postmodern Interpretations.* ISBN 978-608-244-054-5. Скрипта, на англиски јазик, I – II циклус студии

**Евалуација:**

*Collection of essays and literary criticism on American and British postmodern interdisciplinary concepts* е скрипта на англиски јазик, наменета за студентите на втор циклус студии, Англиска литература. Изборот на есеи и критики за интерпретирање на американските и британски постмодерни идеи е резултат на повеќегодишно истражување и класифицирање на мејнстрим и алтернативни ставови во однос на модернизмот, постмодернизмот и нивните книжевни, јазични, филозофски, општествено-политички и медиумски влијанија врз мислата на 20 и 21 век. Скриптата содржи 250 страници одбран материјал кој на студентите ќе им послужи за споредбена анализа и продлабочено разбирање, прифаќање или негирање на постмодерните концепти за промени, експерименти и иновации во толкување на супкултура, попкултура, мејнстрим култура, во контраверзната и оспоруваната колку и наметлива постмодерна книжевност на Америка и Британија.

- Kukubajska, Marija Emilija, Ph.D., Krsteva Marija, M.A. (2015), *American novel – 20th c*. УГД е-издаваштво, практикум, I – II циклус студии

**Евалуација:**

Практикумот по предметите Американски роман на 20 век и Современа американска книжевност е наменет за структурирано организирање на прашања, коментари, задачи за дополнително истражување и методи на проширена креативна анализа на делата од модерен и постодерен правец во литературата на САД. Содржина: 1. Theodore Dreiser – Sister Carrie; 2. F. Scott Fitzgerald – The Great Gatsby; 3. Ernest Hemingway – The Sun Also Rises; 4. Ralph Ellison– Invisible Man 5. Toni Morrison – The Bluest Eye; 6. Joseph Heller - Catch – 22; 7. Thomas Pynchon – The Crying of Lot 49; 8. Kurt Vonnegut – Slaughterhouse–five; 9. Margaret Atwood – The Handmaid’s Tale; 10. B. S. Johnson – The Unfortunates; 11. William Burroughs - Naked Lunch; 12. Zadie Smith – White Teeth

- Kukubajska, Marija Emilija, Ph.D.; PopZarieva Natalija, M.A.; Iliev, Krste, M.A., English Literature 2: 16-18 c. УГД е-издаваштво, скрипта, I – II циклус студии

**Евалуација:**

Скриптата „Англиска литература 2: 16-18 век“ ги има предвид следните цели за студентите: 1. Суштински да го совладаат предаваниот материјал, преку 2. Анализа на делата со споредбен метод, во контекст на општествен, историски, културолошки, филозофски, економски и уметнички дисциплини од историја, социо-култура и уметност. Материјалот во скриптата ќе им помогне на студентите да ги проучуваат сложените книжевни и културни теми и проблеми на Ренесансната поезија, проза и драма низ авторите Филип Сидни, Едмунд Спенсер, Кристофер Марло, Вилијам Шекспир, Бен Џонсон и Метафизичарите, Франсис Бејкон и Томас Мор; литературата во периодот на Реставрацијата и Џон Милтон, и литературата од 18 век преку делата на Александар Поуп, Даниел Дефо и Џонатан Свифт.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Од 2010 година до 2016 година, Кукубајска објавила или презентирала вкупно 41 научно-образовен, научноистражувачки, стручен и книжевно-уметнички труд, од областа која ја предава: британска и американска култура, цивилизација и литература, прв и втор циклус.

Кандидатката за вонреден професор Марија Емилија Кукубајска ги има изготвено предметните програми за британска и американска литература, култура и цивилизација, кои се изучуваат на УГД Филолошки факултет – Штип од 2008 до 2016 година, на прв и втор циклус студии. Истите предмети во изминатиот период ги има предавано, усовршувано и дополнувано со најнови технолошко-информатички методи на е-предавања пренесувани од универзитетите: Кембриџ, Оксфорд, Харвард, УКЛА и Станфорд, од академски интернет линкови и од владини и невладини фондации, како Херитиџ Фондацијата. Во предавањата, семинарските истражувања и подготовките на дипломски и магистерски трудови на студентите, Кукубајска постојано ги следи последните промени во научноистражувачките, стручни и уметнички движења и идеи и истите иновативно ги пренесува во наставата. Со

најсовремени и пристапни методи Кукубајска ги вклучува во наставата и истражувањата на студентите: најновите бестселери од автори, книжевни и културолошки критичари, теоретичари, како и конференции и е-медиуми. Кукубајска ги менторира своите колегите кои се специјализираат за предметите од култура и литература и постапно ги преземаат во своите предавања.

Во последните 4 години Кукубајска изведува настава и вежби по следните предмети од прв и втор циклус студии: на Филолошкиот факултет и два менторски предмета на УГД ФОН:

– Британска книжевност 1 (од почеток до 15 век)
– Британска книжевност 2 (16-18 век)
– Британска книжевност 3 (19 век)
– Британска книжевност 4 (20 век)
– Британска култура и цивилизација
– Американска култура и цивилизација
– Американска поезија
– Американски расказ
– Американски роман
– Шекспир и ренесансната драма
– Англоамериканска детска литература, ФОН, модул
– Англоамериканска култура и цивилизација, ФОН, модул.

Пет предмети на втор циклус студии, УГД, Филолошки факултет:

– Англиска литература до 17 век
– Англиска литература, 18-20 век
– Постколонијален роман
– Постмодерен британски роман
– Постмодерен американски роман.

Во продолжение следуваат насловите на објавени трудови со научна евалуација, за периодот од изборот во доцент на кандидатката д-р Марија Емилија Кукубајска.

***Монографија во земјава***

Kukubajska, Marija Emilija (2014) *Од фолклор до фикција и факти во американската, европската и англиска литература*. ISBN 978-608-244-060-6.Компаративна историја на литературата: народна и современа, учебник, I – II циклус студии

**Евалуација:**

Книгата истражува и споредува традиционални и ревидирани примери од фолклорни наследства од XVIII до XXI век во САД и Македонија, во евроамериканската и индијанско-американската народна литература и низ приказни од македонскиот фолклорист Марко Цепенков. Книгата е учебник со интердисциплинарна методологија на проучувања на народната литература кои спојуваат и одразуваат современи теории и резултати во истражувањата на нематеријалното фолклорно наследство и неговиот поширок контекст во интрадисциплинарните науки за фантастика и фактичност, имагинација и мистерија, космологија, научна и народна медицина и други дисциплини кои во 21 век се обидуваат да го дефинираат кодот на рационалното и таинственото во митот, легендата, приказната и литературните жанрови.

***Дел од монографија или научна книга***

Kukubajska, Marija Emilija: Milk, Honey and Poison: Secular Change vs. the Absolute" In: Donski, Aleksandar, "The Brotherly Historical Ties Between the Jews and the Macedonians in the Holy Land and in Macedonia", publ. Macedonian Literary Association Grigor Prlicev, Sidney, Australia, in collaboration with the Institute of history and archaeology, UGD, Stip, 2013

**Евалуација:**

Во културолошката, книжевната и историската *монографија „Братските историски врски меѓу Евреите и Македонците во Светата Земја и во Македонија“*, објавена на англиски јазик од историчарот Александар Донски, д-р Кукубајска има вклучено посебен прилог во осовременет стил на познатиот „Есеј за критиката“ од Александар Поуп. Во стихувана форма се дадени поимања на архетипските, идеолошките и религиозните специфичности и разлики кои се манифестираат кај Евреите низ историјата, низ сегашноста (во однос на културолошката подвоеност во општеството на Израел) и кај Евреите кои во светот изразуваат конфликтни идеолошко-филозофски и прагматични гледишта во однос на секуларните и религиозните вредности, *светоста и* десакрализацијата на феноменот Света Земја, која и духовно и физички е поделена.

***Дел од монографија или научна книга***

Кукубајска, Марија Емилија: *Книжевност, наука и паранаука. „Американски јасновидец во контакт со духот на Александар Македонски“* од Александар Донски, издавач ЕМАРИ, 2011

**Евалуација:**

Трудот на Кукубајска во Монографијата за парапсихологот Херман посочува на научната непристрасност и демократичност на авторот А. Донски: дека тој не застапува еднострано верување во парапсихологијата, туку научна потреба од истражување на недоволно познатите физички и метафизички феномени, закони и парадокси, независно од одредени современи факти кои укажуваат дека, на пример, „Парапсихолошката асоцијација на Америка“ е поволно прифатена (во 1969 година) како дел од Американската асоцијација за напредок на науката“ и дека нејзиниот претседател Маргарет Мид била голем верник во видовитите способности. Трудот на Кукубајска во оваа монографија нуди отворени претпоставки дека посебната психичка моќ на поединци не мора да е априори погрешна, туку дека најверојатно, и најчесто, таа моќ е априори неверојатна. Авторот на трудот ја поддржува научноста во тезата на авторот на монографијата на кого му се познати теории, хипотези и резултати од научни експерименти со несензорна когниција, пр.: паранормално погодување на скриени содржини и предмети („British Journal of Psychology”). Истражуван случај за ова е секретарот на Смитсониан институтот и музеите во Вашингтон, Чарлс Абот, астрофизичар, кој независно од британските истражувачи Керингтон и Соул, има идентификувано објекти и визии скриени од сензорната перцепција на испитувачите со „паранормални спознавања“.

***Прегледен труд***

Kukubajska, Marija Emilija (2012) *The Relevance of Integration: Contemporary with Folк Fashion and Aesthetics with Ethics*, IJAS conference, Harvard campus, USA International Journal of Arts and Sciences, *http://www.universitypublications.net/ijmt/index/html*

**Евалуација:**

Објавените резултати од трудот се засновани на неколку фази од истражувања и креирања координирани меѓу: 1. авторот; 2. норвешката амбасада (поддршка за македонското фолклорно културно богатство низ ракотворби со везење на монистра; македонската асоцијација на женски ракотворби ЗДМ и студенти од УГД Факултетот на природно-технички науки, оддел за дизајн. Трудот е теоретска анализа и приказ на практични резултати од креативната фузијата на наследени културни богатства депонирани во банката на вредности и практикувани низ историјата како различни стилови на регионални, автентични и егзотични мотиви македонски фолклорни апликации на инспиративни и иновативни креации. Клучни зборови: традиција/тренд, фолклор/модерна мода, позитивна инвентивност, етика/естетика.

***Прегледен труд***

Kukubajska, Marija Emilija (2012) *Народни приказни за смртта и вечноста во фолклорната литература на Македонија и САД*. Современост, 61 (1). pp. 47-62. ISSN 0038-5972

**Евалуација:**

Трудот дава пресек и анализа на историскиот развој на усната и писмената нарација која циклично го возобновува а во основа го задржува меѓусебно инспиративниот соднос помеѓу традицијата и современоста, минатото и сегашноста, старото и новото, конфузноста на постмодернизмот и природната тенденција за стабилност во физичката и духовната природа. Тазата анализира прашања и одговори за смислот на навидум ирационалниот *смртен* живот и на величествената идеја за вечноста, за трајното духовно постоење преку нивниот континуиран онтолошки соднос. Се истакнува антагонизмот помеѓу дивергентни новодобски, неопагански, атеистички и релативистички реконструкции, дехуманизација, деморализација и десакрализација на фолклорот во бајките, филмот и дигиталните анимации. Се посочуваат најновите докази за улогата на *god particle* во свеста на човекот при создавање на фолклор, фикција или факти, во времетраење на индивидуалната или институционална ангажираност во книжевното и културолошко изразување.

***Трудови со оригинални научни резултати објавени во научни списанија опфатени во ЦИ***

Kukubajska, Marija Emilija (2010) *Traditional vs. Relativistic Ethics - Cases in American Culture*. International journal, Филолошка истраживања данас. Филолошки факултет, Универзитет, Београд, Србија, ISSN 8686419992, 9788686419996

**Евалуација:**

Relativist, secular, atheist ethics based on anti-Christian, radical left ideologies has had controversial, colliding and subversive impact upon freedom of expression in applied traditional ethics in the US. This impact results in a culture war of value systems that sanctions and subverts traditional worldviews, particularly those based on Christian ethics. The American society encounters these opposing moral views within its increasingly multiethnic, intra-national cultural conglomerate while in this process it claims equal opportunity for its multi-confessional, heterogeneous societal platforms. This paper gives a brief account on the American thought, action and reaction to traditional ethics on the map of diverse ideas and cultures in the US. Discrepancy in the interpretation and application of atheist ethics systems is observed from its increasingly intolerant stand against traditional ethics. The phenomenon of intolerance among moral worldviews is exemplified by differences in educational results and cultural expression.

***Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен собир во странство***

Krsteva, Marija and Kukubajska, Marija Emilija (2014) *The Role of Literature in Foreign Language Acquisition*. International Procedia-Social and Behavioral Journal, 116. pp. 3605-3608. ISSN 1877-0428, conference, University of Rome, Italy

**Евалуација:**

Literature plays essential role in foreign language acquisition. Each level of foreign language study requires inclusion of literary texts. Together with factual facts it develops a deeper awareness of the language use. Courses give indication of the complexity of various texts in terms of themes, characters or cultural difficulty. In early school years children get familiar with associations from role plays, drama, poetry and short stories that help them acquire idioms, colloquialisms and syntax adding to their general cognitive development. This method acquires enormous proportion of linguistic and literary information through higher education. At university левел other than Schools of Philology, learning English focuses not so much on the literary work from artistic point of view, as to the text conveying ideas that students familiarize with and build vocabulary. In upper levels of foreign language acquisition students

increase their competence and confidenцe to speak and present ideas in the foreign language. At advanced levels foreign learners put their imagination and research at work and many of them accomplish verbal advantage close to native speakers. Keywords: literature, text, foreign language acquisition

Kukubajska, Marija Emilija (2015) *Примери за слободата како сопствена антитеза*. MIT conference, Bansko, Bulgaria, Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 9. pp. 229-234. ISSN 1857-923X

**Евалуација:**

Кој и што придонесуваат за фундаментални промени во идејата и праксата на слободите во САД се антагонизирачки прашања кои ескалираат од двете страни на американскиот идолошки спектар во втората декада од 20 век. Современи козервативни, но и умерено либерални опсервации, сметаат дека слободата на изразување и делување веќе е компромитирана во тоа плуралистичко општество. Републиканско гледиште е дека американското општество и култура, со доаѓањето на радикалните либерали на власт, во 2008 година, стануваат неповратно антагонизирани на секој план, со што и слободата на изразување станува пристрасен идеолошко-политички, социо-културен, класен, расен и религиозен проблем во фундаменталните промени. Се одвиваат судири на концепти околу тоа кој и што може понатаму да ги (де)стабилизира САД да воведува „промени“ или во општествено-културна урамнотеженост да го зачувува квалитетното наследство на американскиот експеримент на слободи и демократија.

Kukubajska, Marija Emilija (2015) *Birds: Mythical Symbol of Migration, Beauty and Bestiality*. MIT conference, presentation, Bansko, Bulgaria, Knowledge - International Journal, 11/1. ISSN 1857-92, Банско, Бугарија

**Евалуација:**

Academic and popular culture turns to folklore and legends of diverse beliefs, to distinguish symbols of the beautiful and the divine from the monstrous and the grotesque flying-creatures that personify good and evil entities in nature and man. From pagan to neo-pagan, to New Age modern symbolism and postmodern horror-denominators exploited by digital game industries, findings lead to birds typifying opposing and conflicting characteristics. This survey in culture, literature, religion and anthropology explores: Symbolism and substance of birds (Egyptian, Hebrew, Greek, Roman, Japanese, Malaysian, Scottish, Irish, Arab, Persian variants); Birds in *Parietal Art;* fine arts and natural sciences paintings (Hohokam rock art sites, *mega fauna Genyornes;* Humanoid birds with both positive and negative connotations found in cave rock art of Borneo, North America, Europe and Africa; Birds present in modern art: Marc Chagall's etching*Aleko and his wife Zemphira*, Georges Braque's birds *"Migration from Lettera Amorosa";* "Angry birds" digital game, and the campaign against it: *Stop digital abuse and cyber-bullying* - a guilt-driven, and allegedly positive MTV paradigm against decadent and derelict culture proliferation.

Kukubajska, Marija Emilija, Sonja Koceva (2015) *Literacy, Health and economic factors,* MIT conference, Agia Triada, Greece, Knowledge - International Journal, 11/1. ISSN 1857-92

**Евалуација:**

Трудот ја истражува меѓузависноста на писменоста, економско-општествениот развој и здравјето, и изнесува статистички податоци од повеќе светски региони. Економската загрозеност кај помалку развиентите подрачја од светот се очекува да резултира во поголема неписменост, особено кај детската популација. Некои развиени земји не го следат ова правило. Парадоксално, тие посветуваат особено внимание на нутриционизмот и диететиката, а сепак бележат изненадувачка неписменост. Сиромашните региони се отворени за нови концепти на здрава исхрана и *здраво образование*, додека ја интегрираат својата постоечка традиционална исхрана, како што и развиените општества што промовираат здраво земјоделство и сточарство. Меѓутоа, сиромашните региони се вообичаено тие во кои милиони деца и возрасни умираат од глад додека писменоста и

поддршката на образованието се минимални или отсутни. Со искоренување на таквите проблеми се занимаваат и светски корпорации и владини и невладини организации. Оваа анализа консултира и тековни индекси на писменост од одделни европски, африкански и азиски земји, како и од САД, бидејќи и богатите и сиромашните земји покажуваат несоодветности кои бараат подобрување. Свеста за здрава исхрана ја согледува меѓузависноста на 1. исхраната и здравата храна со 2. здравото образование и литературата поврзана со нутриционизам и диететика.

Dimova, Violeta and Kukubajska, Marija Emilija (2015) *„Emilina's ABC Book" – earliest childhood literacy supported by emotional intelligence development*. MIT conference, Bansko, Bulgaria, Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 10 (1). ISSN 1857-92

**Евалуација:**

Трудот „*Букварчето на Емилина*" ја анализира неговата 1. дидактичка намена: описменување на децата од 3 до 6-годишна возраст со посебен акцент на 2. емоционалната интелигенција во односот на родителите/учителите кон децата и нивната заемна интеракција, што е од најголемо значење за успешно совладување на првите препреки при совладувањето на вештината на најрано детско описменување. „Букварчето на Емилина" им помага на децата не само да ги вежбаат моторните способности, туку и да го вежбаат мислењето и самоосознавањето, сознанието и односот кон другите, свеста за поврзаноста на звукот и сликата, фонемата и за буквата. Со помош на ова Букварче, емоционалната интелигенција ќе се гради синхронизирано со процесот на можното описменување од 3-6 години, со што се издигнува капацитет на спознавање на детето и унапредување на квалитетот и брзината на совладување на идните програми во образовниот систем.

Kukubajska, Marija Emilija (2014) Книжевната историја и културниот идентитет како агенс за промени. MIT conference, Bansko, Bulgaria, Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers. ISSN 1857-923X

**Евалуација:**

Под претпоставка дека промените нудат постојана реевалуација, додека потребата да се признаат промените е постојана, првата Антологија на античко-македонска поезија преведена во 2014 година на македонски јазик донесува автентични наоди за 12 античко-македонски и други немакедонски поети кои низ епитафи, епиграми и лирски жанрови, напишани од 4 век пр.н.е. до 3 век, го докажуваат својот македонски, не хеленски книжевен идентитет. Анализираните автори помагаат во изнесување докази за културниот и етнички идентитет како агенс за промени во надминување на клишеата, предрасудите, еднострaноста и дискриминацијата која се наметнува и денес во претпоставените мултикултурни права на научно истражување и аргументирани докази.

***Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен собир во земјава***

Кукубајска, Марија Емилија (2014) *Редефинирање на семејните вредности во САД: Прогресивна анатема со регресивна ерозија*, Општествената промена во глобалниот свет, Правен факултет, Штип, Македонија, International scientific journal, conference proceedings, 9-13 Sept. 2014, 829-840 p. ISBN 978-608-244-120-0

**Евалуација:**

Овој труд од областа на култура, цивилизација и литература е анализа на истражувања на Херитиџ фондацијата во однос на значењето на семејството, традиционалната брачната врска меѓу дврополови родители (мајка и татко) и нејзиниот импакт врз здравјето на детето, индивидуата, културата и општеството. Ставовите се поткрепени со статистички факти од општествено-политички, медицинско-психолошки, културолошко-етички и религиозни наоди: деца одраснати во традиционални семејства покажуваат најдобар успех во образованието, во фамилијарната и општа социјализација, во балансиран емотивен и сексуален развој; тие деца бележат и најмал број на деликвентност и затворски казни

за разлика од децата во алтернативни семејства со ревидирани или игнорирани морални вредности. До слични статистики доаѓаат и некои либерално-прогресивните, секуларни истражувачки центри, како и конзервативни трустови на мозоци кои сепак ги бранат традиционалните морални норми. Објективните податоци, сепак, не успеваат да го ублажат непомирливитот антагонизам помеѓу овие идеолошки непријатели: за и против традиционална содржина и структура на семејството и бракот, за и против атеистичко, утилитарно, полигамно (poliamorous) и хедонистичко малцинство во американското општество. Тој тренд се бори со легална дискриминаторска агенда да го анатемизира и укине традиционалното семејство и неговите милениумски поливалентни културолошки и религиозни слободи и права, во земјата на денес *неподносливата тешкотија на толеранцијата*.

Кукубајска, Марија Емилија (2015) *Кога идеологијата ја заменува религијата – судирите се во експанзија*, Религија и култура во глобалниот свет, Правен факултет, Штип, International scientific journal, conference proceedings Vol. 3, p. 1224 - 1227

**Евалуација:**

*Фундаменталните трансформации* на Америка ветени од Обама имаат создадено радикални поделби и судири во САД како никогаш до сега. Во овој процес, радикални индоктринации од страна на левичарските идеологии, наметнуваат промени во слободите и правата на сите раси, вери и политички убедувања. Парадоксално, тоа создава мутација на матрицата на американскиот основачки концепт за рамноправност, со создавање на нова, генерична и опасна нерамноправност на христијанската религија во американското општество. Револуционерната и отуѓена „елита" на пропишаниот американски менстрим, едуцирана за неокомунистички промени во САД и во светот денес ја изложува на екстремна дискриминација и маргинализација универзитетската младина со десничарски убедувања. Преовладуваат докази за пристрасност на медиумите и за тиранска ревизија во образованието воведувани од ултрарадикални левичарски идеологии и пракси, што укажува и на владино, невладино и индивидуално спонзорство на општествената корупција и моралното банкротство на идеологијата. Левичарската пропаганда ги воспалува конфронтациите со маркетирање на „обновена грандиозна обмана" која дополнително придонесува за мутација и мимикрија на старите утописки идеи како нови идеали за современи *промени*. Во ваква *фундаментална трансформација*, универзитетските предмети за просперитетен оптимизам, за фактичко а не идеолошко изучување на историја и за обнова на довербата во *американскиот сон*, се заменети со идеолошки предавања за социјална микроагресија, неомарксистички студии, хипокритична политичка „коректност", милитантна промена на сексуалната/родова ориентација, со расна, религиозна и класна омраза и други радикално либерални ревизии. Индоктринирани квазиакадемски предмети се воведуваат во предметните програми на либералното американско високо образование. Истите се поддржани од полицискиот однос кон новите слободи и демократија, и ги насочуваат движењата за *„окупирање",* новите обоени или невидливи *револуции* по светот, како и преку воведните немири во САД. За илустрација на овие културолошки судири меѓу двата идеолошки кампови, истражувањето анализира неколку случаи од американските универзитети каде што во име на слобода на говорот и здружувањето левичарските закони забрануваат споделување на научни податоци со десничарската академска интелигенција, со што се хендикепира демократскиот и транспарентниот проток на образовни, културни и медиумски информации.

Kukubajska, Marija Emilija (2015) *Бахтин: Неговите крос-културни исток-запад концепти*. In: 6. Меѓународна конференција, Меѓународен дијалог Исток -Запад, 25-27 Apr 2015, Меѓународен славјански универзитет „Михаил Романович Державин", Св. Николе, Македонија, Меѓународно списание за научни трудови, ISSN (print) 1857-9299, ISSN (online) 1857-9302, Vol. 2, 6/2015, стр., 143

**Евалуација:**

Бахтин компаративно истражувал западноевропски класици, создал неортодоксни социјалистички, мултидисциплинарни ставови кои неосоцијализмот на современиот Запад

денес ги возобновува како релевантни за генезата и актуализацијата на неолибералните проучувања денес. „Западноста“ на Бахтин (Евреин од некогаш незападниот СССР) има неколу извори: 1. Импакт од рускиот универзален гениј; 2. Комунистичката идеологија како интернационална и мултикултурна; 3. Заемноста на руската културна историја со европските династии и цивилизации; 4. Постоечкиот и историски мултикултурализам во Русија. Противречностите кај Бахтин дифузираат од неговото елементарно чувство на секуларна распнатост меѓу прогонство (Казахстан); отпор кон Сталиновата диктатура; привлеченост кон западната социјалистичко-комунистичка филозофија и револуционерни идеи; инспирираност од идеалите на Француската револуција, противречно отуѓен и потоа декадентен авангардизам во неговиот ревизионистички „Круг“.

Kukubajska, Marija Emilija (2014) *Книгата „Зошто шепотиме“, од Џим Деминт: За загрозената слобода на изразување. “Why we Whisper”, by Jim DeMint: Endangered freedom of Expression*. Меѓународно списание за научни трудови, научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток-Запад“, Меѓународен Славјански Универзитет Михаил Романович Државин, Св. Николе, Македонија, ISSN (print) 1857-9299, ISSN (online) 1857-9302, Vol. 1, 5/2014, стр. 66.

**Евалуација:**

This research examines the current status of freedom of expression in cultural, social and media domains, based on findings by researchers - Senator Jim DeMint and Prof. J. David Woodard. It points to valuable alternative views on human rights and their freedom to say what is “wrong”, what is sustainable, what is critically repressed or irreversibly changed by the aggressive radical liberal agenda in the US. Opposite of left-wing academia, leading minds like senator DeMint, now president of the conservative think tank, The Heritage Foundation, Washington D.C., discuss contradictions and conflicts in the (non)application of constitutional principles and traditional standards while exercising the fundamental human liberties to life, freedom and the pursuit of happiness. Extracted are statistical facts and objective data on radical liberal intolerance and violation of the freedom of expression, progressive (secular) intellectual dictatorship (minority over majority value systems), selective equal opportunities for various cultures, religions, and scientific and cultural views. Key words: decline in culture, radical liberalism in higher education; US universities secular resistance against traditional values; imposed social-discipline; intolerance in the name of tolerance

Kukubajska, Marija Emilija (2012) *Компаративни истражувања 1. Културна, етничка и религиозна генеалогија на Хазарите во руските и околни територии и 2. Христијанска мисија на св. Кирил меѓу Хазарите*. Петта меѓународна научна конференција: Руско-македонски јазични, литературни и културни врски, 17-19 јуни 2012, Охрид, Македонија. Стр. 197. Меѓународен зборник од конференцијата, Филолошки факултет, Скопје

**Евалуација:**

Меѓу муслиманските и еврејските сегменти, мнозинство од Хазарската популација на територијата на јужна Русија, Украина и околните региони, прифатиле членство во Источнословенската црква преку просветителската мисија на св. Кирил. Благородништвото (малцинство меѓу Хазарите) останало верно на претходно прифатениот јудаизам и тој сегмент мигрирал кон Запад, спојувајќи се со сродна популација во Европа. Анализирани се различни хипотези и теории за потеклото и природата на Хазарите, во потрага по идентитетот на културите, расите јазиците на оној сегмент кој го прифатил христијанството и јудаизмот во Русија за време на Хазарската мисија на св. Кирил. Дадени се примери од духовните идеи на св. Кирил применети во интеркултурното разбирање, меѓусебното прифаќање и во расното, етничко и религиозно менаџирање на кризи меѓу Хазарите. Се анализира социјалната, културна и религиозна историја во контекст на последната вера, христијанството, воведено во 9 век меѓу Хазарите, преку образовната и книжевна мисија на светите „странци“ од Балканот, браќата од македонскиот град Солун, патроните на Европа, светителот Кирил и неговиот брат Методиј.

**Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба во земјава**

Kukubajska, Marija Emilija (2013) *The Macedonian continuity within the European Educational Program of Erasmus Mundus*. In: Прва Еразмус конференција на УГД, Интеруниверзитетска соработка, УГД Ректорат, Штип (панел презентација, говор)

**Евалуација:**

The continuity of the European intellectual achievements comprises of joint ventures of secular and spiritual institutions of knowledge. These intellectual ventures underwent *rebirth* during the Renaissance, when Erasmus (Desiderius) of Rotterdam (October 27th, 1460?) professed his theological, social and ethical disciplines (not doctrines). His freedom of expression defended the catholic humanism in a balanced duality: spiritual and intellectual values to be understood as god-given gifts for *free will* free will that nevertheless does not equal destructive changes of the permanent spiritual and physical laws of life. This standpoint of Erasmus reveals his option for tolerance, while maintaining the traditional significance of stable, organized and systematized regulations (standards) of knowledge. Tradition and tolerance for Erasmus implied both divine and human order of cooperation in self-determination and informed consent about the integration of the *old* and the *new*, within the never ending process of advancement changes.A comparative review indicates that the Medieval Ohrid School, preceded exactly what later the *free will* of Erasmus of Holland acted upon, in his Renaissance-Reformation search for balance between the divine and the human. The Macedonian Medieval School applied both theological and practical human disciplines in cultivating education, through Christian Orthodoxy. These shared approaches signify the universal educational processes developing in Western Europe and in Macedonia: theological and common credence that the power of human knowledge (inspired by the Creator), leads to *free spiritual and social will,* instrumental to the production, and inclusion of mass consumers of education, then, as well as today.

Kukubajska, Marija Emilija (2013) Перформанс: *„Во театарот на светот“ Целесте Бенџамин Трејси, Кога се истражуваат меѓународни величини од македонско потекло*. Штипско културно лето 2013, 26 јули 2013, Изложбена сала, Безистен, Штип. Поздравен говор на прим. м-р Илчо Захариев, градоначалник на Штип.

**Евалуација:**

Трудот ги анализира истражувањата во оваа обемна историско-културолошка книга која е сколастички, научноистражувачки и книжевно стандардизирана литература за животот на најгенијалниот протагонист на светската историска сцена. Документарниот историски роман е структуриран во пролог, два чина: светлина и мрак (како во античките сценски изведби и конфликти на доброто и анти-доброто), со епилог и со античко-македонски календар на крајот. Во првиот чин *Светлина* осумте сцени од содржината го привлекуваат вниманието со јасни и кратки (неенигматични, неекспериментални, нехагиографски и немаѓесно-реалистични) наслови: Пела, Хефајстион, патувањето кон академијата на Аристотел, прв, втор, трет, четврти, петти и шести семестар и регентството. Во вториот чин *Мрак* од првата до петтата сцена следуваат насловите: Бунтот на Медите и Битката кај Херонеја, Симпозиумот и Атал, Вртлог, Прогонот во Илирија и Театар.

***Одржано предавање по покана на научна институција во странство***

Kukubajska, Marija Emilija (2012) *Some confronting ethical worldviews in the culture-war in America*. Topics: Bioethics Education: Contents, Methods, Trends, 2-5 Sept 2012, Israel. (Conference speech)

**Евалуација:**

Traditional versus relativistic secular ethical values are core issues in the *culture* war of the 20-21st c. America. Value systems are polluted with dilemmas and controversies which create antagonism in the educational, cultural and social dynamics. Drastic changes in human values and ethics in the American social, cultural and educational context encounter these opposing views which seem to be challenged by increasingly intolerant ethnic, racial, religious and social

diversities. Teaching values through ethics in the American public schools in particular, is seldom a part of the curriculum, and it is increasingly void of Judeo-Christian references (that have been the founding philosophy of the United States). It is evident that Non-Christian worldviews are aggressively substituting traditional "founding fathers" belief systems, and philosophies of the *Western* civilization. Relativism, in concordance with the controversial "mainstream" thought, continues to impose secular human "values" in education and the media, presenting them as unrelated to ethical principles and norms, and as mere situational codes of behaviorand personal reaction and decision making on issues of human conduct and ideological persuasion. Non-inclusive liberal options "leave the conservative students almost no option to express their views on universal human rights, and on opposing and biased antagonism and intolerance upheld by their opponents.

Kukubajska, Marija Emilija (2015) *The Theater of the Mask: Ben Johnson's Stage, New-Age Carnivals and the World Anonymous*. Salzburg Easter School - Feasting and Fasting Carnival Cultures, conference presentation for PhD students

**Евалуација:**

This is a research on the search for 1. Genuine identity and 2. Intentional masking of identity. To what extent a cartoon portrait masks the real identity, or projects its hidden entity, its revolt or rejoicing, pity or pleasure, anger or elation, is the question that leads to another, Shakespearean question: *to be or not to be* the real identity behind the intended message. To what extent the messenger, the identity behind the mask represents its "reality" is a question that post-postmodern relativists never had a consensus on, due to their relativist and revised ethics and aesthetics in determining the matter of the mask. Michail Bakhtin's search for parallels between Bolshevik function of masked socio-political identities and the archetypal function of masks in re-initiation of the human-centered celebration of secularism (existing in Medieval and Renaissance carnivals and masks as precursor to modernism) is the topic of this interdisciplinary scientific-cultural and art review.

**Учество на научен собир со реферат (постер/усно)во земјава (II-9) (1,5)**

- Кукубајска, Марија Емилија (2014) *Редефинирање на семејните вредности во САД: Прогресивна анатема со регресивна ерозија*, Општествената промена во глобалниот свет, Правен факултет, Штип, Македонија, International scientific journal, conference proceedings, 9-13 Sept. 2014, 829-840 p. ISBN 978-608-244-120-0
- Кукубајска, Марија Емилија (2015) *Кога идеологијата ја заменува религијата – судирите се во експанзија*, Религија и култура во глобалниот свет, Правен факултет, Штип, International scientific journal, conference proceedings Vol. 3, p. 1224 – 1227
- Kukubajska, Marija Emilija (2015) Бахтин: Неговите крос-културни исток-запад концепти. In: 6. Меѓународна конференција, Меѓународен дијалог Исток -Запад, 25-27 Apr 2015, Меѓународен славјански универзитет „Михаил Романович Державин", Св. Николе, Македонија, Меѓународно списание за научни трудови, ISSN (print) 1857-9299, ISSN (online) 1857-9302, Vol. 2, 6/2015, стр., 143
- Kukubajska, Marija Emilija (2014) Книгата „Зошто шепотиме" од Џим Деминт: За загрозената слобода на изразување. "Why we Whisper", by Jim DeMint: Endangered freedom of Expression. Меѓународно списание за научни трудови, научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток-Запад", Меѓународен славјански универзитет Михаил Романович Државин, Св. Николе, Македонија, ISSN (print) 1857-9299, ISSN (online) 1857-9302, Vol. 1, 5/2014, стр. 66.
- Kukubajska, Marija Emilija (2012) Примери за пристрасно игнорирање на македонскиот идентитет: Роберт Каплан, Балкански духови (анализа на оваа книга со анти-македонски ставови). Научен собир 100 години од Балканските војни, МАНУ, Скопје.

**Учество на научен собир со реферат (постер/усно)во странство**

Kukubajska, Marija Emilija (2011) *New Learning Environments: Ecology of the Soul – An innovative approach to teaching ethics and culture.Procedia - Social and Behavioral Sciences, 15. ISSN 1877-0428, Conference, Istanbul, Turkey*

Krsteva, Marija and Kukubajska, Marija Emilija (2014) *The Role of Literature in Foreign Language Acquisition*. International Procedia-Social and Behavioral Journal, 116. pp. 3605-3608. ISSN 1877-0428, conference, University of Rome, Italy

Kukubajska, Marija Emilija (2015) *To be or not to be a live kidney donor: A parent's personal principle - cause for patient's death. 10th World Conference on Bioethics, Medical Ethics and Health Law Zefat Bioethics Forum, 6-8 Jan 2015, Jerusalem, Israel. International Journal: www.isas.co.il/bioethics2015/Ethics_Book.pdf*

Kukubajska, Marija Emilija (2015) Примери за слободата како сопствена антитеза. MIT conference, Bansko, Bulgaria, Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 9. pp. 229-234. ISSN 1857-923

Kukubajska, Marija Emilija (2015) Birds: Mythical Symbol of Migration, Beauty and Bestiality. MIT conference, presentation, Bansko, Bulgaria, Knowledge - International Journal, 11/1. ISSN 1857-92, Банско, Бугарија

Kukubajska, Marija Emilija, Sonja Koceva (2015) Literacy, Health and economic factors, MIT conference, Agia Triada, Greece, Knowledge - International Journal, 11/1. ISSN 1857-92

Dimova, Violeta and Kukubajska, Marija Emilija (2015) „Emilina's ABC Book" – earliest childhood literacy supported by emotional intelligence development. MIT conference, Bansko, Bulgaria, Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 10 (1). ISSN 1857-92

Kukubajska, Marija Emilija (2014) Книжевната историја и културниот идентитет како агенс за промени. Bansko, Bulgaria Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers. ISSN 1857-923X

**Раководител на научен проект**

Проект со ученици од турска јуручка популација, во основни и осмогодишни училишта: с. Парналија, Плачковица и с. Радање. Цел: унапредување на аквизицијата на англискиот јазик меѓу учениците чија настава се одвива на турски јазик.

**Евалуација:**

Проектот беше организиран и изведуван во функција на поддршката на стимулативните методи за спроведување на тријазична писменост и литература кај децата од турската етничка заедница, во руралната средина на планината Плачковица. Траење на проектот: 3 години, завршен: 2016 година. Прва година: работилница со д-р Кукубајска: примери од традиционални морални вредности во иновативно изучување на англискиот јазик; наставник на целната група: Билјана Алексова Даневска; час по англиски јазик за турската јуручка паралела. Наставна единица: љубов кон фамилијата, знаењето, природните убавини. Донација на книги од ЕМАРИ, боенки, боици, блокчиња за ликовно образование. Втор дел од работилницата: децата изразуваат литературни содржини и лекции од наставната програма и за етичките пораки - во визулени претстави: цртежи. Проектна втора година: тријазична театарска изведба (турски, македонски, англиски) на Снежана и седумте џуџиња; работилница со д-р Кукубајска: практичен час со интеракција на студентите во изучување на македонскиот и англискиот јазик; споредување на методи за прва писменост на англиски и потоа на македонски јазик. Работа со нагледните материјали: *ЕМIКО хаику* и *Букварчето на Емилина*. Донација на копии од букварчето. Час по турска литература за деца и споредба на рецептивноста и ретенцијата на наставниот материјал предаван на турски јазик, од проф. д-р Марија Леонтиќ. Наставник: Б. А. Даневска. Донација на книги преведени од и на турски јазик од д-р Леонтиќ. Трета година: работилница со д-р Кукубајска: креативно пишување и критичко мислење за птиците како симбол за природна убавина и слобода. Работилница: тријазична театарска изведба на „Пинокио" – дидактичко уметнички пораки за морално воспитание. Читање на детска поезија од турски писатели од професорите – гости: проф. д-р Х. Зеки, од Универзитетот во Анкара, предавач на УГД

и проф. д-р М. Челик, УГД ФФ. Интеракција на учениците со директорот на турското училиште „Јахија Кемал“ – Струмица и новинари од весникот „Јени Балкан“. Донација на книги за деца, преведени од д-р Леонтиќ.

Kukubajska, Marija Emilija (2013) Project: *Centuries of American Women Poets*. Scientific, educational, literary and artistic workshop, students and staff presen tation within the project. American Corner, Stip

**Евалуација:**

Project goal: Compare styles and substance of American female studies. Genre: poetry from 18-21st century. Issues: sense and sensibility found in the literary issues of universality and individual women's identity search. Organizer, presenter: Dr. Kukubajska and teaching staff Natalija Pop Zarieva, MA; Marija Krsteva, MA and Krste Iliev, MA, with students from the School of Philology, UGD – Stip, conducted the workshops and the presentations. Literary reading: poetry review and literary criticism; recital of prominent works by Emily Dickinson, Ann Bradstreet, Emma Lazarus, Louis Bogan, Sylvia Plath, Diane Wakoski, Alice Walker, Erica Yong, Maya Angelou. Shared were literary ideas on the female role in the formation of the American society and culture: From piety and purity of the first American poetess, Ann Bradstreet, to the moral rebellion and intellectual deconstructivism of Erica Jong. A publication from 1842, "GEMS from American Female Poets", edited by Rufus Griswold, was discussed for its presentation of female 19th c. issues that have become inconceivably archaic, yet of historic significance to the liberal language and philosophy of the 20th and 21st century. The project was presented for the International Women's Day, 2013.

Kukubajska, Marija Emilija (2014) Project: National Poetry Month, April 24th, 2014. *A month full of powerful love:* American Corner, Stip.

**Евалуација:**

The project is a continuation of the cooperation between American Corner Stip, UGD School of Philology staff, students and the City of Stip public audience.Theme: *UGD students' creative writing presentations inspired by Goce Delcev, W. Whitman*.UGD teaching staff participants and moderators: Natalija Pop Zarieva, MA; Marija Krsteva, MA and Krste Iliev, MA. Organizer, presenter: Dr. Kukubajska elaborated on 19th, 20th and 21st century concepts on socio-cultural competitiveness and its positive aspects for students' advancement. Harvard professor Michael Porter's book on Competitive Advantage (Institute for Strategy and Competitiveness at Harvard Business School), and his numerous articles and books on domestic and world competition in various fields of study was quoted for its interdisciplinary thought on managing constructive competitiveness. PPP followed on research, teaching and publications on issues of competitive strategies between nations, neighbors, ideas on business of esthetics, music, art and sports - applicable in over 100 countries as Porter's initiatives for fair competition. Students read their own creative writing, research and essay papers on these issues and on comparative validity of Goce Delcev's motto for competitiveness: "I understand the world as a field for cultural competition among people". Delcev's 19th century understanding of the socio-cultural, national and political conditions of the occupied Macedonian people, affirmed itself as a lasting and sustainable call for competitive strategies. Delcev's competition concept does not lack global applicability when compared to various contemporary academic, government or NGO sectors and their missions for individual or societal advancement and global outreach.

Проект: МИР И НАПРЕДОК和平与繁荣PEACE AND PROSPERITY Мултимедијален перформанс на УГД, ФФ, одбележување на академско, книжевно и културно-уметничко ниво: прва прослава на кинеската Нова година во Источна Македонија, Градската и универзитетска библиотека „Гоце Делчев“, Штип, 8.2.2016.

**Евалуација:**

Проектот го конципира, подготвува, раководи и презентира д-р Марија Емилија Кукубајска, со 6 кинески студенти кои изучуваат македонски јазик при УГД ФФ Институтот за странски јазици: Ирис Ценг, Јао Минг Пу, Ниу Сјиаотонг, Ни уЛинг, Ханг Тјанјуеи и Лиу Јишуан од Универзитетот Хебеј, Република Кина. Цел на проектот: Стимулирање

на меѓукултурно, меѓууниверзитетско запознавање, со посебен акцент на проучување на македонскиот јазик, култура и обичаи, и со конкретно запознавање и славење на празникот кинеска Нова година во Штип. Спонзор: ЕМАРИ Институт, Штип. Времетраење: 3 месеци: Мултимедијалната завршна презентација вклучи: музичко-сценски илустрации од кинески концерти во Ројал Алберт Хол и Операта во Сиднеј, со традиционални песни од Сонг Џујинг и Селин Дион. Завршна програма: видео презентирање на истражениот културно-историски и книжевен материјал, на англиски и македонски јазик, мини-есеи од Календарот за кинеската Нова година 2016: „Мир и напредок“. Студентите излагаа импресии за Македонија, на македонски и кинески јазик. Лекторот по македонски јазик м-р Марија Гркова е модератор за кинеските студенти. Поздравен говор: деканот на Филолошки факултет, УГД – Штип, доцент д-р Драгана Кузмановска.

**Раководител на научен проект**

Kukubajska, Marija Emilija (2014) *Информирана согласност* – превод на македонски јазик. UNESCO. ISBN 965-7077-22-2, Paris, France: http://www.unesco-chair-bioethics.org/UI/B02.aspx?...

**Евалуација:**

Д-р Кукубајска го раководи и координира издавањето на прирачникот издаден од УНЕСКО Центарот за биоетика во Париз: *Информирана согласност* од авторот проф. д-р Амнон Карми, Хаифа универзитет, Израел, во соработка со раководителот на македонската единица на Центарот за биоетика, проф. д-р Ментор Хамити, од Универзитетот УЈИЕ. Кукубајска е одговорна за преводот и комуникацијата со УЈИЕ и со техничкото уредништво во Тајван. Резултатот е прво УНЕСКО издание на книга на македонски јазик меѓу 43 изданија на други светски јазици. Тема: Промоција на биоетиката како алтернатива на традиционалните морални принципи и нормативи, за нов приод кон решавање на прашања и проблеми на кои наидуваат дивергентните културни, општествени, религиозни заедници во светски рамки. Застапени случаи: култура, религија, здравство, право. Предговор: прим. м-р Илчо Захариев, градоначалник на Општина Штип.

*Kukubajska, Marija Emilija (2013) Bio-ethics issues in literature and the arts: Ecology of the soul-mini essays. In: 9th World Conference on Bioethics, Medical Ethics and Health Law, 19-21 Nov 2013, (Audio-visual performance, CD). Naples, Italy.*

**Евалуација:**

Проектот е конципиран и раководен со цел да се проучуваат и контрастираат современите промени кои ги носи биоетиката која има агенда да ги ревидира традиционалните религиозни и, пред сè, христијански морални норми за регулирање (или анулирање) на историските културолошки разлики. Ethical messages in literature, fine arts and other professions and disciplines, represent core issues in the course of civilization and its context in history, culture, society, religion and the arts. The project presentation included scientitfic, theoretical and practical, experiential writer's observations and application of ethical and bioethical norms and their effective and counter effective outcome, in culture and literature/poetry.

**Уредник на зборник на трудови во земјава**

Уредник - член на уредувачки одбор, во Годишен зборник на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

**Претседател на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал во земјава**

Кукубајска, Марија Емилија (2013) *Видео хрестоматија, Две татковини-една љубов. Книжевно-уметнички, аудиовизуелен перформанс. Штипско културно лето, 2013, Штип* и *https://www.youtube.com/watch?v=ZsWA3Mdhi4I*

**Евалуација:**

Претседателот на Организациониот одбор на овој аудиовизуелен книжевно-уметнички перформанс организираше, финансираше е-продукција и координираше сценска претстава со актуелни теми, избрана од Советот на Општина Штип, Советништво за култура, да се изведува на манифестацијата Штипско културно лето, Дом на културата „Ацо Шопов“ - Штип. Обврските и целите на претседателот беа исполнувани во текот на целиот мултитаск процес на конципирање, адаптација на текст и организирање на манифестацијата: аудио и видео снимање на текст, тон, слика и видео клипови, монтажа и режија на мултимедијалниот материјал, до поставување на сцена и на Youtube. Темата на сценски изведената монодрама е промовирање на меѓубалкански, трајни вредности за фамилијата, општеството и единката: меѓучовечна и лична почит и љубов која негува и промовира здрави содржини и кај две личности и меѓу два народа, две култури, споени и одржувани врз основите на универзални морални вредности и свест за личен интегритет, културен идентитет и безгранично човекољубие.

Кукубајска, Марија Емилија (2016). Прва македонско-кинеска-англиска прослава на манифестацијата кинеска Нова година во Штип, и на УГД. НУ УБ „Гоце Делчев“, Штип.

Претседателот на Организациониот одбор на првата културно-уметничка манифестација од ваков вид во Македонија: прослава на кинеска Нова година во Штип ја организираше оваа манифестација за прв пат на УГД преку Филолошкиот факултет, Универзитетската и Народна библиотека „Гоце Делчев“ и Невладиното здружение ЕМАРИ. Претседателот на Организациониот одбор конципираше и организираше фестивалска манифестација осмислена да поприми меѓународен карактер и истата вклучи кинески, англиски и македонски јазик, културолошки искуства и импресии од Кина и Македонија.

Кинеските студенти добија од директорката на библиотеката новогодишни подароци - книги од македонски издавачи. На фестивалската претстава присуствуваа и претставници од кинескиот менаџерски тим во рудникот во Пробиштип.

**Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди во земјава**

Меѓународна награда за најдобра поетска книга од македонски автор во дијаспората, за книгата „*Еми...куклите...цунами...небо“*, од поетесата Марија Емилија Кукубајска. Матица на иселениците, Скопје, 2010. Членови на жири-комисијата: Раде Силјан, Паскал Гилевски.

8-ноемвриско признание за 2015 година, доделено од Република Македонија, Општина Штип, на д-р Марија Емилија Кукубајска, за особен придонес и постигнување како професор, научник и книжевник www.mn.mk/…/11271-Multimedijalen-performans-na-Marija-Emilija- Kukubajska

**Стручно-апликативна и организационо-развојна дејност**
**Книга во земјава**

Kukubajska, Marija Emilija (2010) Јазикот на Земјаните – епска поема. ЕМАРИ, Штип. ISBN 13 978-9989-2935-2-8

**Евалуација:**

„Јазикот на Земјаните“ (е-книга) содржи книжевно-новинарски *говор* и разговор за кризни проблеми, личности и настани, пренесени на симболичен а реалистичен јазик, со асоцијации на транстемпорални ликови и интранационални, историски, библиски и постбиблиски теми, стари и тековни кризи и конфликти, *благослови* и *гревови* на човекот, слабости и солуции, распади и револуции на човековата духовна и материјална култура, моќ и немоќ. Епските слики и пораки во овој поетски дискурс се детерминирани да го промовираат моралниот слој што го обвиткува човековото битие и да го заштитуваат од дегенеративно распаѓање, апелирајќи за заштита на културниот и духовниот слој од деградација. Тема: контаминирана морална екологија на физичката и духовната природа, вон и во човекот. Долгата поемата во стих (200 страници), содржи критики и пофалби

за подобро уредување на микро и макро средината на човекот и светот. Епската поема е хроника на земното постоење и потрага по највисоките човекови идеи и идеали, тези и антитези. Поемата е иновативна, колку и традиционална, поетско-говорна комуникација за препознавање на симболи и теми, синоними и стереотипи од културата и заедничкиот јазик на хуманоста на човекот во неговиот хабитат на земјата.

Kukubajska, Marija Emilija (2015) *Антологија на античко-македонска поезија, Приредила и превела: Марија Емилија Кукубајска*. ЕМАРИ Институт, Штип. ISBN 978-608-4726-14-2

www.mn.mk/.../10822-Za-Antologijata-na-anticko-makedonski-poeti

**Евалуација:**

Оваа антологија нуди современо истражени книжевни наследства чиј културолошки и книжевен македонски идентитет е поткрепен со историски факти од делата на грчки, римски, еврејски, српски и други историчари, биографи и писатели, и од извори како Католичката енциклопедија, архивите во Конгресната библиотека во Вашингтон и мноштво други детално истражени книжевно-историски биобиблиографии. Ова е прва Антологија на античка македонска поезија која ги идентификува и сместува во посебна антологија македонските (не грчки) поети, пронајдени во Greek Anthology, од Р. Патон, издадена во 1920 година, и сега преведени на македонски јазик. Истражувањето на античката македонска историја и култура е изнесено на 92 страници аргументирани анализи и ставови во студијата и 80 страници превод на стандардизиран современ македонски јазик. Поетите во книгата себе се идентификуваат како Македонци уште во периодот на запишување на своите дела: од 4 век пред н.е. – 3 век н.е. Во антологијата се вклучени 11 македонски поети, со нивниот етноним „Македонецот“ (пр: Филип Македонецот, Адеј Македонецот) или референцата со името на својата татковина (Антифан од Македонија, Парменион од Македонија). Други поети го потенцирале градот, топонимот од каде што потекнувале: Македониј од Тесалоника, Антипатер од Тесалоника, Исидор од Егеј, Зоил од Амфипол. Рецензент: д-р Васил Тоциновски, писател и проф. д-р Страшко Стојановски.

Кукубајска, Марија Емилија (2015) Букварчето на Емилина. ЕМАРИ Институт, 2015, Штип, ISBN 978-608-4726-15-9

**Евалуација:**

Книгата е дидактичко-уметничка литература, прва од таков вид во македонската историја на литература за деца од претшколска возраст. Денешната изложеност на детето на кибернетски, роботички медиуми за игра и учење ги има издигнато неговите способности, можности и познавања на ниво кое не може да се спореди со ниедно во историјата на детската култура на однесување со азбуката. Тие развојни разлики веќе нудат реална основа за прифаќање на овој процес: почеток на изучување на азбуката во најрана возраст и преку посложено интегрирање на методите: 1. Визуелна идентификација и 2. Вербална, звучна артикулација. Овој процес максимално го поедноставив, имајќи за цел да го мотивирам детето на заинтересираност и ангажираност кон квалитетни резултати. Во оваа мала книга за големиот детски потфат, се обидов да го претставам преку имагинативна игра оформувањето на знаците со букви. При тоа, умствената игра ќе им го олеснува и обезбедува на најмладите ученици на македонската писменост тоа најголемо прво креативно чудо, пишувањето, кое има трајна и незаменлива животна употреба. Преку играта со сериозните инструменти, буквите, со кои ќе ја програмираат азбуката, децата ќе се подготвуваат и пред време да го издигнат својот капацитет на спознавање, за со тие напреднати способности да ги следат идните програми во образовниот систем.

Kukubajska, Marija Emilija (2013) Слобода над смртта. ЕМАРИ Институт, Штип. ISBN 978-608-4726-00-5

**Евалуација:**

Книгата „Слобода над смртта" содржи филозофско-културолошки разговори со прашања и одговори за привремените и трајните вредности кои се суштината на човековиот систем на етички и естетски вредности. Разговорите се во типичниот жанр на авторот, мини-есеи, напишани од гледиште и доживување на родителот кон своето дете кое поседува победнички дух иако се бори со болеста и смртта. Основните средства во таа борба се човековата врвна свест за *слободата над смртта* која доаѓа преку верување во бесконечноста на човековата духовна енергија. Детето-девојката борец ја гледа својата иднина во вечноста на Бог, како и во верувањето во науката и во човекот, во неговата човечност, кои ги смета за носители на овоземниот непречен напредок додека болеста (како метафора и како реалност) го одзема и конечно го прекратува животот како физички феномен. Разговорите се водат низ текстуални и мета текстуални, имагинарни и реални мини-есеи во слободна метрика и рима, со познатата лингвистичка иновативност на авторот. По формат и фабула ова е прва поетско-прозна книга од ваков вид во македонската современа поезија и проза. Рецензија: проф. д-р Лидија Стојановиќ-Лафазановска, со наслов *„Системот на интегрирани имагинарности, солидарност и биологија во современата филозофска книжевност на Марија Емилија Кукубајска"*. Вовед: Баронесата Валентина Трони Таруд. Есеј: *Импресија од младите: Поздрав за чистината над отровите, за насмевката над горчината,* од м-р Фросина Јованова. Поговор: Марија Емилија Кукубајска, *„27 мета материјали за енергетската светлина"*.

Kukubajska, Marija Emilija (2013) Bioethics in poetry, mini-essays. EMARI Institute, Stip, Republic of Macedonia. ISBN 978-608-4726-01-2

**Евалуација:**

This scientific, art and education book integrates sessions of mini-essays, in English and Macedonian, and illustrations with paintings depicting ethics as aesthetics, love for God, family and country as never archaic or anachronic phenomenon of the human rational and emotional and spiritual intelligence, regardless to the new lexicon of post-historic, post-human chronologies of post postmodernism. Its segments interpret cases of archetypal goodness challenged by the adverse 21st century destructive ideas and practices in the pop culture. Twenty five mini-essays explore habitats, ideas, archeological and cultural sites, landscapes, folk and urban environments, rustic and schi-fi scenes, searching and finding the best for the human soul, mind and heart, the reasons to be exhaulted from the beauty of love and the loving beauty that is gradually being forgotten by man. The mini-essays are reminders of the values, while naturally and factually they defy the anti-values.

Throughout history of culture, moral messages prove to have renewable function in the course of the constructive and cultivated human response to reality, despite continuous, and often degenerative transformations of perceptions and human practices. Review: Prof. Dr. Viktor Lilchikj Adams.

Kukubajska, Marija Emilija (2013) ИНТЕ(Р)Грации на ИСТОРИ-JAта. ЕМАРИ Институт , Штип. ISBN 13 978-9989-2935-9-7 www.mn.mk/.../8169-Po-40-godini-od-Mlada-Struga-preizdavanje-na- nagradena-kniga

**Евалуација:**

Ова е второ и дополнето издание на двете први збирки поезија на авторот Марија Кукубајска: *Временија и Неоткрит,* Македонска книга, 1973, и *Јаглен и дијамант, Наша книга,* 1975. Новиот наслов ги сугерира првичните и континуирано докажани согледувања, сестрани истражувања и интуитивни проникнувања на авторот во човековата душа, историјата, науката, космосот, јазикот и линвистиката. Инвентивноста во поетскиот говор, мета-јазикот на имагинацијата во неологизмите кај авторот од 70-тите години е актуелна и кај Велимир Хљебников во Русија и И.И. Камингс во САД. Авторот убедливо го брани здравиот разум, и со хуманост го побива апсурдот на егзистенцијализмот како филозофско-книжевен правец кој ги поддржува неодржливите негации на животот и

идеологиите на разорен револт, деконструктивизам, апсурд во театарот и хаос во духовните и душевни сцени и сценарија на постмодернизмот и новите морфирања на комунизмот. Книгите се поетска заложба за книжевната слобода на говорот и мислата, против говорот на омраза (религиозна или етничка), за валидноста на религиозниот, вклучувајќи го и христијанскиот светоглед во кој авторот не наоѓа меѓусебна негација со науката, туку иманентна комплементарност со мерливите, не само имагинативни вредности. Поетскиот јазик во книгите донесува и експерименти со зборообразување за што авторот ја добива наградата на Струшките вечери на поезијата – Млада Струга за најдобра дебитантска книга во 1973 година (рецензент: Гане Тодоровски). Примери за неологизмите како оригинални кованици на Кукубајска кои имаат двозначни и тризначни корени на поимот и формата на зборот/знакот: идниноберачите, неронливи римувања, родозвучен јужнопис. Наспроти менливата морфологија на јазикот како знак, онтолошката суштина на вистината и реалноста за авторот останува да е кодирани во нејзиниот поетски говор како константа, како непроменлива суштина: Бог и неговите закони за доброто како убаво и убавото како добро.

Kukubajska, Marija Emilija (2010) Еми…Куклите…Цунами…Небо. Издавач ЕМАРИ, Штип. ISBN 13 978-9989-2935-1-1

**Евалуација:**

Оваа детско-младинска збирка од слободен и хаику стих е во функција на проширување на дијалогот меѓу светот на детето и возрасниот, и во паралела меѓу искуствата на развиените и „земјите во развој“ (македонската, јапонската, американската култура) кои доживуваат исти катастрофи (човечки или природни). Ова проширено издание на „Еми и куклите“ е инспирирано од трагедијата предизвикана од цунами, кое авторот го употребува како парадигма за еколошка, физичка и психичка катастрофа. И во ова издание останува основна пораката да се верува во целта на постоењето како позитивно и постојано надминување на брановите од несреќи и загуби. Во тие амплитуди суштината на љубовта е изразена и преку чистотата и невиноста на детското срце и преку издржливоста и искуството на возрасните. Свеста на детето дека (ќе) го губи својот живот не му ја одзема радоста на живеењето, бидејќи детето (односно невиниот народ) во оваа книга е исклучителен претставник на тешко појмливата или одржливата, и ретко преостанатата мисла во литературата: љубовта и почитта кон животот, фамилијата, природата, учењето, културниот напредок. Спрема таквата животна и книжевна свест, детето/народот и авторот се персонификација на дијалози и монолози за надежта во победа на животот над смртта. Таа надеж дава волја, а волјата-снага за „психоплазма, биоплазма“ која гравитира кон *книгата на животот*, кон *Божјата вселенска книга, кон восхитувачката духовност*. Поетската збирка е, исто така, современ глас на децата и младината едуцирани преку современи науки, а сепак култивирани да не ја негираат христијанската љубов. Книгата е добитник на меѓународната награда на Матицата на иселениците на Македонија - Грамота за најдобра поетска книга на годината (2011), од автор од македонската дијаспора.

Кукубајска, Марија Емилија (2015) *„Птиците се слободни (?) / Free like Birds (?)*. ЕМАРИ, Штип, ISBN 978-608-4726-18-0 http://www.mn.mk/kultura/11271-Multimedijalen-performans-na-Marija-Emilija-Kukubajska

**Евалуација:**

Книгата во стих истражува тековно современи колку и архетипски тези и антитези на феномените: слобода и тиранија, мир и неред, културолошка отвореност за размена и во тоа – парадоксална закана по идентитетот. Пораките се засновани на ангажирани истражувања и размислувања за реално-прагматични и филозофско-уметнички теми, изразени преку архетипски и митолошки симболизам и современ неореализам, преку метафори и алегории на поимот птици: миграција, мобилност, современи движења, неконтролирани промени, мит, светлина, борба, утопија и дистопија. Перцепцијата на поимот птици и летање пренесува и имагинарна и реална, повторлива потрага по позитивното духовно значење

на движењата, среде негативното; во легендите, литературата, и дневните и над-дневни промени.

Kukubajska, Marija Emilija (2016) PEACE AND PROSPERITY/МИР И НАПРЕДОК, Book: mini essays in English and Macedonian language (Chinese New Year calendar 2016.Publ. EMARI, Stip, ISBN 978-608-4726-19-7.

**Евалуација:**

Книгата „Мир и напредок“ е електронско издание на мини-есеи кои на современ стил и јазик го толкуваат трајниот човечки и човечен смисол, потрага и славење на тие основи за просветлување и развој на човековата мисла. Книгата дава посебен акцент на кинескиот однос кон феноменот самодисциплина, здраворазумска мудрост и почит кон знаењето и искуството од наследената култура. Книгата содржи стихови на англиски и македонски јазик во кои низ современ светоглед и со реален поетски говор се бараат одговори на квалитетните особености на кинескиот народ, како што е виталната моќ на познавање на древните, како и на современите вистини за улогата на спокојот и мудриот мир кои се дел од рамнотежата на битието, од „новиот културен ген“ на Кина заснован на наследениот и современо негуваниот код на здрав разум. Книгата е интеркултурен поетски дијалог за природната зависност меѓу старото и новото, спој кој е универзален и се однесува еднакво и на Кина, на Западот и на Македонија. Авторот ја пронаоѓа и слави универзалноста на „новите години“ од древниот календар, со кои се прокреира нова надеж во иднината, љубов за сегашноста и почит кон минатото, предците, преку практично и здраворазумско колку и мистично единство на мудроста од минато со одговорноста во сегашноста.

***Трудови во стручни (научно-популарни) списанија – во земјава***

Kukubajska, Marija Emilija, Ilievska, Tatjana (2015), FABIAN SOCIETY, FRANKFURT SCHOOL: UTOPIA, DYSTOPIA, “REALITY”, Меѓународен зборник на Филолошки факултет, бр. 6, УГД - Штип

**Евалуација:**

This research is an abbreviated review of causes and efects of the 19th and 20th c. cultural and social thought impacted by Marxist, socialist, leftist ideologies, theories and philosophies that indoctrinated the mainstream media of the West, preparing a perpetually reinventing social-political constructs and revolutionary engineered changes. Those “changes” presuppose teachings that young generations need no sets of moral rules as *they presumably restrict* their rights and freedom on the way to democracy. Consequently, utilitarian and circumstantial moral interpretations are used, abused and imposed as new norms of, for instance, world *edutainment* and culture of renewed aggression, alienation, virtual monsters or digital *morphs* for potentially real wars. The results are large scale misconceptions, misinterpretations, malformations of character and integrity on personal and professional level. Children/students refuse to, or are incapable of recognizing law and order, authority of parents or teachers, and later employers or leaders, so they are easily prone to becoming followers of *new ethics*, void of moral conscience, guilt, remorse, empathy or tolerance.

***Трудови во стручни (научно-популарни) списанија – во странство***

Kukubajska, Marija Emilija (2012) Moms for America: America Serving vs. Anti-Ameri - an alphabetical narrative. Меѓународно списание на ЛАЈОНС клубот: Lions International. ноември, 2012, 5 издание, http://www.scribd.com/doc/127468410/lion-mk-5-1

Evaluation: Writer and poet Kukubajska was inspired to write this mini essay in verse, again as a response to the experiential and growing cultural, ideological and ethical divisiveness in 21st century America. Positive and negative sides of this *culture war* are depicted by the contrast: America Serving vs. America that is against itself. This poem is also based on researched analysis statistics according to which: progressive mothers have increasingly displayed 1. regressive and destructive tendencies in maintaining the sensitive role of parenting, which had proven

to be 2. counter-productive, together with their liberated roles of wives abandoning traditional family structure, thus reproducing rebellious, angry, distrustful, intolerant, and self-destructive offsprings. As a contrast, traditional mothers are found to be defending their role as nurturers of contemporary yet stable family environment, where mental health and emotional and social stability provide for balanced, loving and compassionate behavior and overall constructive performance, at home, in school and within society.

***Член на факултетски орган, комисија***

Во текот на изборниот период кандидатката учествува во активности, комисии и тела на Филолошкиот факултет:

- член на Одборот за соработка и доверба со јавноста;
- член на Наставно-научен совет на Филолошки факултет;
- член на комисии за одбрана на дипломски трудови (од англиска, македонска, турска литература и култура);
- член на комисии за полагање на испити.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци и приложената документација и во согласност со Законот за високо образование, со Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 33 од јуни 2015 година), Комисијата со задоволство констатира дека кандидатката доц. д-р Марија Емилија Кукубајска во целост ги исполнува сите суштински и законски критериуми за избор во наставно-научно звање вонреден професор.

Д-р Марија Кукубајска по изборот за доцент на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип има покажано голема активност на полето на наставно-образовната (НО), научноистражувачката (НИ) и стручно-уметничката (СУ) активност, како и стручно-апликативната и организациско-развојната (САОР) способност, при што може да се констатира дека таа далеку го надминува потребниот квантум за да биде избрана во наставно-научното звање вонреден професор. Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип кандидатката д-р Марија Емилија Кукубајска да биде избрана за наставник во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научната област *историја на општа книжевност* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ендру Годспид – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Ермис Лафазановски – член, с.р.**
**Проф. д-р Лидија Стојановиќ Лафазановска – член, с.р.**

## ПРИЛОГ 1 - ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

Табела за вреднување на активностите на доцент д-р Марија Емилија Кукубајска, од 2010 до 2016 година, според критериумите дадени во Правилникот за критериуми и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1 | избрана во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| 1 | Монографија | 1 | 10 | | | 10 |
| 2 | Дел од монографија | 1 | 6 | 1 | 10 | 16 |
| 3 | Прегледен труд (ЦА) | | | 1 | 10 | 10 |
| 3 | Прегледен труд (останати) | 1 | 5 | | | 5 |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (ЦА) | | | 1 | 6 | 6 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови на научен собир во странство | 5 | 1 | 6 | 2 | 17 |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | 2 | 3 | | | 6 |
| 8. | Одржано предавање по покана на научна институција во странство | | | 2 | 3 | 6 |
| 9. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно) | 5 | 1,5 | 8 | 2 | 23,5 |
| 12. | Раководител на научен проект | 4 | 4 | 2 | 6 | 28 |
| 16. | Уредник на зборник на трудови | 1 | 2 | | | 2 |
| 18 | Претседател на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 2 | 2 | | | 4 |
| 21 | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди | 2 | 5 | | | 10 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **143,5** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| 1 | Книга | 9 | 10 | | | 90 |
| 5 | Труд во стручно (научно-популарно) списание | 1 | 2 | 1 | 6 | 8 |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија | 4 | 2 | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **106** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **249,5** |